**Програма за организирање на екскурзии, излети и настава во природа за учениците во ООУ „Коле Неделковски“- Центар, Скопје за учебната 2020/2021 година**




**Скопје – Центар**

## 1. Програма за организација и изведување на еднодневен излет/есенски

**Еднодневен излет**
**Есенски излет**
**Место: Излетнички локалитет с. Дељадровце / Кумановско**
**Одд: I до IX одд.**

**Воспитно-образовни цели:**

- Посета на црквата Св.Ѓорѓија- Дељадровце
- Развивање на интерес за природата и градење еколошки навики;
- Развивање на интерес за спортски активности

**Содржина и опис на активности:**

Поаѓање во утринските часови, пристигање во црквата која се наоѓа во близина на с. Дељадровце, разгледување на истата и запознавање со нејзината историја, слободно време за одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови.

**Раководител на екскурзијата:** Драги Јаневски

**Одговорни наставници:**
Розе Нушкова– одделенски наставник и сите одделенски раководители.

**Време на реализација:** септември/октомври - 2020 год.

**Локалитети за посета и правци на патување:**
Скопје – с. Дељадровце - Скопје

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 2. Програма за организација и изведување на еднодневен излет/пролетен

**Еднодневен излет**
**Пролетен излет**
**Место: с. Лешок- Тетовско**
**Одд: I до IX одд.**

**Воспитно-образовни цели:**

- Посета на манастирскиот комплекс во Лешок –Тетовско;
- Запознавање со културата и начинот на живеењена луѓето во тој крај;
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава ( цркви и џамии).

**Содржина и опис на активности:**

Поаѓање во утринските часови, пристигање во манастирот кој се наоѓа во близина на с. Лешок, разгледување на манастирот и запознавање со неговата историја, одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови.

**Раководител на екскурзијата:** Розе Нушкова

**Одговорни наставници:**
Драги Јаневски – Професор по физичко и здравствено образование и сите одделенски и класни раководители.

**Време на реализација:** април-мај 2021 год.

**Локалитети за посета и правци на патување:**
Скопје – с. Лешок - Скопје

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич и лекар

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 3. Програма за организација и изведување на еднодневна екскурзија во III одделение

**Еднодневна екскурзија**
**Место: Маврово**
**Одделение: трето одделение**
**Наставници: Ана Блажевска Анчевска, Христина Ристеска, Јулијана Тричковска, Билјана Димовска, Верица Блажевска, Александра Тодоровска**

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на Националниот парк Маврово и неговата околина;
- Запознавање со специфичниот растителен и животински свет во овој предел;
- Поттикнување и остварување на позитивни емоционални доживувања;
- Социјализација на учениците и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

**Содржини и опис на активности:**

Поаѓање во утринските часови, пристигање во Маврово, разгледување на црквата Св. Никола и запознавање со нејзината историја, одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови.

**Раководител на екскурзијата:** Јулијана Тричковска III б одд.
**Одговорни наставници:**
Ана Блажевска Анчевска, Христина Ристеска III а одд.
Јулијана Тричковска, Билјана Димовска III б одд.
Верица Блажевска, Александра Тодоровска III в одд.

**Време на реализација :** октомври/мај во учебната 2020/2021 г

**Локации за посета и правци на патување:**
Скопје, Тетово, Гостивар, Маврово**,** попатно разгледување на ниви и плантажи - Полог, врвовите на Шара, падините на Бистра и изворот на реката Вардар - Вруток.

**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 4. Програма за организација и изведување на дводневна историско-географска екскурзија во VI одд.

**Дводневна историско – географска екскурзија**
**Место: Источна Македонија – Кавадарци - одмаралиште „Михајлово“**
**Одделение: VI одделение**
**Одделенски раководители: Драги Јаневски, Славица Алексова**

**Воспитно-образовни цели:**

- Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, старите градби, цркви и манастири во Источна Македонија;
- Стекнување нови знаења за градовите Велес и Штип, посета на Музејот на градот, стекнување знаења за потеклото и местоположбата на градот;
- Запознавање со убавините на црквата „Св.Никола“ во Штип, Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Содржини и опис на активности:**

Набљудување и разгледување на градот Велес, патување кон Штип и Радовиш. Прибирање податоци и материјали карактеристични за секој објект, набљудување, фотографирање и разговор со кустоси, граѓани, свештени лица. Дружење и забава.

**Раководител на ексурзијата:** Драги Јаневски

**Одговорни наставници:** Драги Јаневски, Славица Алексова

**Време на реализација:** октомври / мај – во учебната 2020/2021

**Локации за посета и правци на патување:**

**Прв ден:**
Поаѓање во 8:30 часот од Скопје. Пристигнување во градот Велес. Разгледување на градот и посета на Музејот на град Велес, како и спомен куќата на Кочо Рацин. Потоа посета на градот Штип, тврдината „Исар“, Универзитетот „Гоце Делчев“. Пауза за ручек. Прошетка низ градот Радовиш и посета на црквата „Свети Троица”, еден од најпознатите православни храмови на Балканот. Пристигнување во одмаралиште Михајлово и сместување во хотел. Вечера и слободно време до 21:00 часот. Организирана забава за учениците.

**Втор ден:**
По појадокот прошетка и разгледување на околината,посета на караулата „Ниџе“ и планинарските патеки. Враќање за ручек во хотелот и поаѓање кон фабриката „Кожувчанка“ и посета на изворите на минералната вода „Изворска“. Посета на локалитетот Стоби. Потоа поаѓање за Скопје. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 5. Програма за организација и изведување на тродневна научно-историска екскурзија во IX одделение

**Место: Западна Македонија - Охрид**
**Одделение: IX одд.**
**Одделенски раководители: Ивона Димова, Анета Чупеска**

**Воспитно-образовни цели:**

- Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири во Западна Македонија;
- Запознавање со локалитетот Стоби и неговите карактеристики;

- Стекнување нови знаења за градот Крушево, посета на  Меморијалниот центар на Тоше Проески,  црквата Св. Никола, Музејот Македониум,ликовната галерија на Никола Мартиновски;
- Запознавање со убавините на градот Охрид, неговата архитектура, спомениците – сведоци за богатата културно-историска, просветна и духовна дејност;
- Развивање на позитивен однос кон историјата и начинот на живеење.

**Содржина и опис на активности:** Набљудување и истражување на Крушево и Охрид. Прибирање на податоци, фотографирање на објекти, предмети и природни убавини, дружење и забава.

**Раководител на екскурзијата:** Ивона Димова

**Одговорни наставници:**  Ивона Димова, Анета Чупеска

**Време на реализација:** октомври / мај во учебната 2020/2021 година

**Локации за посета и правци на патување:**

**Прв ден :**

Тргнување во 8:30 часот од Скопје, попатна посета на локалитетот Стоби, Маркови Кули ( Прилепско ) и пристигнување во Крушево во попладневните часови. Разгледување на градот Крушево, посета  спомен куќата на Тоше Проески, црквата Св. Никола, Музејот Македониум,ликовната галерија на Никола Мартиновски...
Тргнување кон Битола со попатна посета на Мечкин Камен. Пристигање во Битола и разгледување на археолошкиот локалитет Хераклеја, прошетка низ Широк сокак. Ручек во Битола. Пристигање во Охрид  и сместување во хотел. Вечера и слободно време до 21:00 часот. Ораганизирана забава.

**Втор ден :**

По појадокот тргнување кон Струга и посета на изворите на Црн Дрим, прошетка низ градот, се враќаме на ручек во хотелот и слободно попладне за прошетка низ Охрид (Стариот град, Античкиот театар, Плаошник, Самоиловата тврдина).  Вечера и слободно време до 21:00 часот. Организирана забава.

**Трет ден:**

Тргнување кон Св. Наум во 9:00 часот и попатна посета на  Заливот на коските. Ручек во хотелот. Поаѓање кон Скопје околу 16 часот преку Кичево, Гостивар и Тетово. Пристигање околу 19 часот.

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 6. Програма за организација и изведување на настава во природа во V одделение

**Место: Охрид**
**Време на рализација: април / мај 2021 година**
**Целна група: ученици од v одделение**
**Број на паралелки: 3**
**Број на наставници: 3**
**Одделенски раководители: Пепица Павлова, Сузана Бачовска и Маргарита Николовска .**

*Цел на наставата во природа:*

Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими од природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа. Учениците да се запознаат со природно-географските, биолошко-еколошките, етнолошките, антрополошките и културните обележја на градовите Охрид и Струга.

*Образовни цели:*

- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата општествената средина;

- Продлабочување, проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.

*Воспитни цели:*

- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време;

*Содржини – Теми за истражување*

Природа и екологија:

- Водата како животна средина – истражување на Охридската флора и фауна;
- Земјата и водата како животни средини и услов за живот;
- Сонцето како услов за живот;
- Растенија и животни кои се среќаваат во крајот со посебен осврт на лековитите билки;
- Изработка на инсектариум и хербариум.
- Еколошко истражување на водите на Охридското Езеро-ЕКО час;

Општество

- Културно наследство на тлото на Р.Северна Македонија
- Споменици на културата
- Северна Македонија - мултикултурна ризница
- Личниот и живот во група
- Социјализација на личноста во група
- Животот и работата на луѓето во локалните заедници;
- Посета на археолошки ископини
- Стопански и нестопански дејности: индустрија,  туризам, риболов, градинарство, овоштарство, сточарство и занаети;
- Охридска  архитектура;

- Од историското минато на македонскиот народ (цркви, манастири, спомен куќи, музеи).

Македонски јазик

- Раскажување по фантазија на тема: Што би било кога би живеел во минатото;
- Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во и околината- текстови од Григор Прличев;
- Читање на легендата за Охридското Езеро-разговор за легендата, пишување реченици за Охридското Езеро;
- Извештај од посети и набљуденија;
- Собирање на текстови напишани од учениците во одделението, договарање за илустрации, начин на подврзување на книгата и реализирање на договореното.

Математика

- Работа со податоци;
- Претставување и читање податоци на столбест и сликовит дијаграм;
- Активности со дидактички материјали во формирање на множества, унија или пресек и поставување на соодветен симбол претставен на картон.

Физичко и здравствено образование

- Слободн игри;
- Вежби за држење на телото и естетика при играњето;
- Игри со ритмичко изведување на одредени движења со музика;
- Гимнастички вежби;
- Одење, трчање по рамен и нерамен терен, лазење, качување.

Музичко образование (култура и фолклор)

- Музички фолклор, народни песни („Билјана платно белеше“) народни ора;
- Народно творештво (народни носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од западниот крај на Северна Македонија;

Ликовно образование

- Форма – цртање, сликање

- Простор – цртање, сликање
- Изработка на сувенири од природни материјали

Производствено – корисна работа:

- Изработка на книга за „Убавините на Охрид и Охридското Езеро“;
- Изработка на книга со податоци од археолошкото истражување на локалитетот „Плаошник“ и Самуиловата тврдина;
- Изработка на предмети од разни материјали ( школки, камчиња, растенија...).

Културно – забавни активности:

- Вечер на хумор и смеа;
- Избор на најдобар глас;
- Вечер на народни игри и модерни танци;
- Квиз натпревар;
- Игранка.

Хигиена и здравје:

- Одржување лична и општа хигиена;
- Норматив листа за јадење на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците;

Распред на времето во текот на денот:

- Станување;
- Утринска гимнастика;
- Лична хигиена и уредување на спалните;
- Појадок;
- Настава;
- Посети, набљуденија, истражувања;
- Ручек;
- Време за одмор;
- Ужина и активен одмор, посети, набљуденија, истражувања;

- Вечера;
- Културно – забавни активности;
- Лична хигиена и спиење.

Потребен материјал за наставни активности:

- блок бр. 3
- темперни бои, четки, чаша за вода;
- фломастери;
- тетратка со квадратчиња;
- тетратка со широки линии
- прибор за пишување;
- лепак за хартија, ножици;

*Наставни (организациони) форми:*

- Групна, индивидуална и работа во парови (тандеми);

*Методи и техники на работа:*

- метод на игра;
- метод на набљудување;
- метод на истражување;
- говорен метод (монолошки, дијалошки и метод на дискусија);
- метод на работа со текст (текстови, работни листови и индивидуални задачи);
- демонстративен метод (слики, предмети, апликации, играчки);
- илустративен метод;
- метод на практична работа.

*Техники и методи за следење на постигањата на учениците*

- Набљудување;
- Анегдотски белешки;
- Квизови;
- Дебати;

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот;
- Одговори на есејски прашања;
- Поставување прашања  од соучениците и одговори на нив;
- Разговор со учениците;
- Писмени извештаи;
- Практични изведби;
- Проектна работа.

*Наставни средства:*

- Учебник за соодветниот предмет, енциклопедии;
- Списанија;
- Интернет;
- Спортски реквизити;
- Дидактички материјали и помагала;
- Ликовни материјали;
- Географска карта,нема карта;
- Аудио - визуелни средства;
- Извори на знаење  од непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

*Воспитно образовни цели на наставата:*

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Западна Северна Македонија
- учениците да негуваат љубов кон убавините на природата и својата татковина Р.Северна Македонија;
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со рељефот во З.С.М, да изучуваат и истражуваат  објекти и појави во природата како и односи во општествениот живот;
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби,археолошки ископини: (Самуилова тврдина, Заливот на коските и др.);
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато (Праисториски период, Илинденски период, Христијанство итн);
- учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро;
- да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- да развиваат другарство и социјализирано однесување во околната средина.

*Часовен распоред на активностите во текот на денот*

| ден | час | Активности |
|---|---|---|
| **I ден** | 8:00 | - поаѓање |
| | | - Скопје – Тетово – Кичево – Охрид |
| | | • Охрид – сместување |
| | | • Разгледување на просториите во објектот и околината |
| | 16:00 | • **Одделенски час**: (училница) – воведување куќен ред |
| | | • **Македонски јазик:** Импресии од патувањето |
| | | • Слободно време |
| | 19:00 | - вечера |
| | 20:00 | - забава (заедничко дружење) |
| | 21:00 | - ноќен одмор |
| **II ден** | 8:00 | - будење, утринска гимнастика |
| | 8:30 | - појадок |
| | 9:00 | - прошетка покрај езерото |
| | | - собирање материјали за работа (камчиња, растенија...) |
| | 11:00 | **Набљудение:** рељефни карактеристики, архитектура, растенија и животни (надворешна средина) |
| | | **Корелација:** македонски јазик, природа. |
| | 12:00 | - ручек, пладневен одмор |
| | 14:00 | **Општество:** Посети и набљуденија пропратени со разговори со кустоси и туристички водичи: |
| | | -Историски музеј на Охрид – **„Куќата на Робевци“;** |
| | | -**Амфитеатарот** под **Самуиловата тврдина**; |
| | | -**„Св Јован Канео“** –црква од XII век; |
| | | -Локалитетот **„Плаошник“** и црквата **„Св. Софија“** |
| | | **Музичко образование:** Слушање црковна, рановизантиска музика, сумирање на впечатоците од посетите и набљуденијата. |
| | | - ужина, слободно време |
| | 20:00 | - вечера |
| | | - рекреативни, друштвени игри |
| | 21:00 | - ноќен одмор |
| **III ден** | 8:00 | - будење, утринска гимнастика |
| | 8:30 | - појадок |
| | 9:00 | **Општество:** Посета на **Заливот на коските.** Посета на **манастирот „Св. Наум Охридски“** – час посветен на историскиот лик значаен за писменоста на словенските народи. |

| | | |
|---|---|---|
| | 14:00<br>14:30<br>16:00<br><br><br>17:00<br><br><br>19:00<br>20:00<br>21:00 | - ручек<br>- пладневен одмор<br>**Македонски јазик:** Изработка на извештај од извршените посети и набљудувања во текот на предпладнето;<br><br>**Ликовно образование:**Цртање мотиви од Охрид и околината – ридот, градската архитектура, тесни улички**...**<br><br>- вечера<br>- забава<br>- ноќен одмор |
| **IV ден** | 8:00<br>8:30<br>9:00<br><br><br><br>14:00<br><br>15:00<br><br><br>16:30<br>19:00 | - будење, утринска гимнастика<br>- појадок<br>- Посета и прошетка низ **Старата чаршија во Охрид,** разгледување сувенири во **Охридските дуќани** со обележје на регионот<br>Посета на **Билјанини извори.**<br><br>-ручек<br>-подготовки за пат<br>**Македонски јазик:**<br>**Дебата:** Впечатоците од извршените посети и доживувања во изминатите денови.<br><br>-поаѓање за Скопје<br>-пристигнување во Скопје |

За учениците кои нема да посетат Настава во природа ќе се организира настава во училиште.

**Раководител на екскурзијата:** Пепица Павлова

**Одговорни наставници:** Пепица Павлова,Сузана Бачовска и Маргарита Николовска.

**Време на реализација:** мај – во учебната 2020/2021

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**
Финансирање од страна на родителите на учениците.

мп

Директор

Скопје

______________________________

Масларевска Светлана